**7 април, денот кога во далечната 1948 г. е основана Светската здравствена организација (СЗО) секоја година се одбележува како Ден на здравјето и се посветува на одредена тема, а оваа година тоа е „Beat Diabetes“ или „Победи го дијабетесот“.**

**Што покажуваат податоците за Република Македонија?**

**Вкупниот број на заболени од дијабетес во Република Македонија изнесува 59 158 лица и тоа 25 101 маж или 42,4% и 34 057 жени или 57,6% од вкупниот број на заболени.**

Извор на податоците: Центри за јавно здравје






**Според возраста, учеството на новорегистрираните лица во 2014 г. на возраст од 0 до 15 години изнесува 37 лица или 1,43% од вкупно заболените, а најмногу регистрирани случаи има во возрасната група од 55 до 60 години и изнесува 898 лица или 34,8%.**

Извор на податоците: Центри за јавно здравје



**Што покажуваат податоците за дијабетесот во светот?**

**Околу 350 милиони лица во светот имаат дијабетес, а околку 1,5 милиони смртни случаи се директно предизвикани од дијабетес. Се проценува дека до 2030 година бројот на заболените од дијабетес ќе се зголеми двојно и дека во наредните 20 години дијабетесот ќе биде седма причина за смрт во светот.**

Извор на податоците: Светска здравствена организација



**Вкупниот број на новорегистрирани болни во 2014 изнесува 2 578 лица и тоа 2 029 лица или 78.7 % во урбаните средини и 549 лица или 21.3 % во руралните средини.**

Извор на податоците: Центри за јавно здравје

**Во 2014 г., бројот на умрени лица од дијабетес во Република Македонија изнесува 825 лица што претставува 4,2% од вкупниот број на умрени лица.**

**Според полот, во 2014 г. од дијабетес починале 362 мажи и 463 жени или процентуалното учество изнесува 43.9 % мажи и 56.1 % жени.**

Извор на податоците: Државен завод за статистика




